# ИЗВОЗНИ ПЕРФОРМАНСИ НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА ВО 2024

**Подготвено за: МАП – Македонска Асоцијација на Преработувачи**

**Подготвено од: Сашо Ристески**

**Март 2025 год.**

## СОДРЖИНА

1 За индустријата за преработки од зеленчук и овошје ........ 2
2 Анализа на извозот и увозот на преработки од зеленчук и овошје ........ 3
2.1 Извоз на преработки од ЗиО ........ 3
2.2 Увоз на преработки од ЗиО ........ 8
2.3 Покриеност на извозот со увоз ........ 11
3 Заклучоци ........ 13

# 1 За индустријата за преработки од зеленчук и овошје

Индустријата за преработка на зеленчук и овошје (ЗиО) се состои од 60-ина преработувачки капацитети. Најголем дел од претпријатијата за преработка преработуваат само зеленчук или комбинирано зеленчук и овошје (околу 85% од вкупниот број на активни капацитети) додека само мал дел се капацитети (околу 15%) преработуваат само овошје. Во однос на типот на преработка, најголемиот дел од капацитетите конзервираат ЗиО.

Индустријата за преработка на ЗиО е речиси целосно зависна од домашното производство и понудата на земјоделски производи. Високите царини и сложените процедури за увоз на свежи земјоделски производи наменети за преработка значат дека индустријата речиси во целост се потпира на аранжманите со индивидуални земјоделци, претпријатија и задруги кои се занимаваат со примарно производство и посредници – трговци кои ја снабдуваат индустријата. Договорното производство се уште не е воведено како ефикасен механизам за регулација на побарувачката и понудата на суровини за индустријата. Исто така, цените значително варираат во зависност од побарувачката на свежи производи во регионот и обемот на производство во земјата.

Домашните преработени производи имаат позитивна репутација кај увозниците на прехранбени производи од регионот и од ЕУ. Како резултат на тоа, постои позитивен тренд на зголемување на вредноста на извозот (иако количините се намалуваат во 2022 и 2023 но се зголемени и вредносно и количински во 2024 година). Поволниот трговски режим со ЕУ, договорите за слободна трговија склучени со земјите од регионот како и понатамошната либерализација (договорот ЦЕФТА) би требало уште повеќе да ја зајакнат конкурентската позиција на преработените производи од ЗиО.

# 2 Анализа на извозот и увозот на преработки од зеленчук и овошје

## 2.1 Извоз на преработки од ЗиО

Преработувачката индустрија е силно извозно ориентирана. Вкупниот извоз на преработки од ЗиО во 2024 изнесувал 48,7 илјади тони односно 2.700 тони повеќе или +6% во однос на 2023, и -200 тони односно -0,4% помалку во однос на 2022. Во структурата на извозот во 2024 доминираат преработките од зеленчук кои количински учествуваат со 81,5% (или +2,5%) наспроти преработките од овошје чие учество изнесува 18,5% (односно -2,5%) во однос на учеството во 2023.

Слика: Извоз на преработки од ЗиО во ‘000 тони




Во периодот 2015-2024 учеството на преработки од зеленчук во вкупниот извоз е највисоко во 2017 година (82%) а најниско во 2019 (78%) додека обратно пропорционално е учеството на преработките од овошје во вкупниот извоз. Просечното учество на преработките од зеленчук во изминатите 10 години е 80% наспроти просечното учество од 20% на преработките од овошје во севкупниот извоз.

Табела: Учество на преработките од ЗиО во вкупниот извоз 2015-2024 во '000 тони

| Година | Преработки зеленчук | во % | Преработки овошје | Во % | Вкупно | Во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 38,7 | 79,2 | 10,1 | 20,8 | 48,9 | 100 |
| 2016 | 36,5 | 81,1 | 8,5 | 18,9 | 45,0 | 100 |
| 2017 | 36,8 | 82,1 | 8,0 | 17,9 | 44,8 | 100 |
| 2018 | 37,3 | 78,9 | 9,9 | 21,1 | 47,2 | 100 |
| 2019 | 37,5 | 77,6 | 10,8 | 22,4 | 48,3 | 100 |
| 2020 | 39,1 | 80,5 | 9,4 | 19,5 | 48,5 | 100 |
| 2021 | 39,5 | 78,5 | 10,8 | 21,5 | 50,3 | 100 |
| 2022 | 38,5 | 78,7 | 10,4 | 21,3 | 48,9 | 100 |
| 2023 | 36,4 | 79,1 | 9,6 | 20,9 | 46,0 | 100 |
| **2024** | **39,7** | **81,5** | **9,0** | **18,5** | **48,7** | **100** |

Вредносно извозот во 2024 изнесувал рекордни 107,6 милиони Евра, што е за 15,8 милиони Евра или + 17% повеќе од 2023 односно 23,5 милиони Евра повеќе или + 28% зголемување во однос на 2022. Во структурата на извозот во 2024 доминираат преработките од зеленчук кои вредносно учествуваат со 89% (или -1% споредено со 2023) наспроти преработките од овошје чие учество изнесува 11% односно +1% во однос на учеството во 2023.

Слика: Извоз на преработки од ЗиО во милиони Евра




Во периодот 2015-2024 учеството на преработки од зеленчук во вкупниот извоз е највисоко во 2023 година (90%) а најниско во 2015 (82%) додека обратно пропорционално е учеството на преработките од овошје во вкупниот извоз – највисоко учество е забележано во 2015 (18%), а најниско во 2023 (10%). Просечното вредносно учество на преработките од

зеленчук во изминатите 10 години е 86% наспроти просечното учество од 14% на преработките од овошје во севкупниот извоз.

Табела: Учество на преработките од ЗиО во вкупниот извоз 2015-2024 во милиони Евра

| Година | Преработки зеленчук | во % | Преработки овошје | Во % | Вкупно | Во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 45,7 | 82,3 | 9,8 | 17,7 | 55,4 | 100 |
| 2016 | 45,8 | 85,7 | 7,6 | 14,3 | 53,5 | 100 |
| 2017 | 46,6 | 83,7 | 9,1 | 16,3 | 55,7 | 100 |
| 2018 | 48,4 | 82,6 | 10,2 | 17,4 | 58,5 | 100 |
| 2019 | 50,7 | 84,9 | 9,0 | 15,1 | 59,7 | 100 |
| 2020 | 59,1 | 86,4 | 9,3 | 13,6 | 68,5 | 100 |
| 2021 | 62,7 | 85,0 | 11,1 | 15,0 | 73,8 | 100 |
| 2022 | 72,5 | 86,1 | 11,7 | 13,9 | 84,1 | 100 |
| 2023 | 82,4 | 89,8 | 9,4 | 10,2 | 91,8 | 100 |
| **2024** | **95,5** | **88,7** | **12,1** | **11,3** | **107,6** | **100** |

Во однос на просечните извозни цени по единица мерка – килограм, севкупната просечна извозна цена за 1 Кг. преработки во 2024 е рекордно висока и изнесува 2,21 Евра/Кг., односно бележи зголемување од 0,22 Евра/Кг. или +11% наспроти 2023. Просечната извозна цена кај преработките од зеленчук е зголемена од 2,26 Евра/Кг. Во 2023 на 2,41 Евра/Кг. во 2024 (или +6%), додека просечната извозна цена на преработките од овошје е зголемена од 0,98 Евра/Кг. Во 2023 на 1,35 Евра/Кг. во 2024 или е забележано зголемување од +38% во однос на минатата година. Анализата на просечните цени за последните 10 години покажува голема осцилација на просечните цени на преработките од овошје и рекордно ниска просечна цена постигната во 2019, и континуирано покачување на просечната цена кај преработките од зеленчук и постигнување на највисоката просечна цена токму во 2024.

Табела: Вкупни и просечни извозни цени на преработки од ЗиО 2015 - 2024

| Извоз 2014 - 2023 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | **2024** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз на преработки од зеленчук (во ‘000 тони) | 38.718 | 36.471 | 36.769 | 37.259 | 37.488 | 39.080 | 39.481 | 38.454 | 36.438 | **39.697** |
| Извоз на преработки од зеленчук (во ‘000 Евра) | 45.652 | 45.836 | 46.629 | 48.351 | 50.662 | 59.133 | 62.735 | 72.452 | 82.402 | **95.495** |
| Просечна извозна цена на преработки од зеленчук (€/Кг.) | 1,18 | 1,26 | 1,27 | 1,30 | 1,35 | 1,51 | 1,59 | 1,88 | 2,26 | **2,41** |
| Извоз на преработки од овошје (во ‘000 тони) | 10.141 | 8.518 | 8.003 | 9.949 | 10.830 | 9.443 | 10.816 | 10.432 | 9.603 | **8.985** |
| Извоз на преработки од овошје (во ‘000 Евра) | 9.790 | 7.665 | 9.079 | 10.168 | 8.989 | 9.332 | 11.093 | 11.691 | 9.407 | **12.126** |
| Просечна извозна цена на преработки од овошје (€/Кг.) | 0,97 | 0,90 | 1,13 | 1,02 | 0,83 | 0,99 | 1,03 | 1,12 | 0,98 | **1,35** |
| Вкупен извоз на преработки (во ‘000 тони) | 48.859 | 44.989 | 44.772 | 47.209 | 48.319 | 48.522 | 50.297 | 48.887 | 46.041 | **48.682** |
| Вкупен извоз на преработки (во ‘000 Евра) | 55.443 | 53.481 | 55.707 | 58.519 | 59.651 | 68.465 | 73.828 | 84.143 | 91.810 | **107.622** |
| Вкупна просечна извозна цена на преработки (€/Кг.) | 1,13 | 1,19 | 1,24 | 1,24 | 1,23 | 1,41 | 1,47 | 1,72 | 1,99 | **2,21** |

Главен извозен пазар за домашните преработки се земјите на ЕУ каде се пласирале 50,6% од вкупните извезени количини и истиот учествува со 45,6% во вкупната вредност на извозот во 2024. Останатите (не-ЕУ) пазари учествувале со 49,4% во вкупната извезена количина и со 54,4% во вкупната вредност на извозот. Поединечно, Србија, Хрватска, Германија, Косово, Босна и Херцеговина, Италија , Австралија, САД, Словенија, Швајцарија, Италија, Велика Британија, Црна Гора и Шведска се најзначајните извозни дестинации за домашните преработки.

Во однос на просечните извозни цени по пазари, истите изнесувале 1,99 Евра/Кг. на ЕУ пазарите (наспроти 1,96 Евра/Кг. Во 2023 или +1%) и 2,44 Евра/Кг. кај земјите кои не членки на ЕУ (наспроти 2,02 Евра/Кг. Во 2023 или +21%). Кај најзначајните поединечни пазари биле постигнати следните вредности на извозот: Србија – 2,49 Евра/Кг. (2,06 Евра/Кг. Во 2023), Хрватска – 2,17 Евра/Кг. (2,14 Евра/Кг. Во 2023), Германија – 1,81 Евра/Кг. (1,91 Евра/Кг. Во 2023), Косово – 1,44 Евра/Кг. (1,13 Евра/Кг. Во 2023), Босна и Херцеговина – 2,24 Евра/Кг. (2,04 Евра/Кг. Во 2023), Шведска – 3,18 Евра/Кг. (3,32 Евра/Кг. Во 2022) и Словенија – 1,73 Евра/Кг. (1,75 Евра/Кг. Во 2023).

Табела: Извоз на преработки од ЗиО во 2024

| Извоз 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Група | Земја | Количина во Кг. | во % | Вредност во ЕУР | во % | Цена Евра/Кг |
| ЕУ | Хрватска | 7.161.993 | 14,7 | 15.573.299 | 14,5 | 2,17 |
| | Германија | 5.852.248 | 12,0 | 10.596.909 | 9,8 | 1,81 |
| | Словенија | 2.886.064 | 5,9 | 4.983.485 | 4,6 | 1,73 |
| | Грција | 1.908.885 | 3,9 | 1.036.159 | 1,0 | 0,54 |
| | Италија | 1.180.352 | 2,4 | 3.779.838 | 3,5 | 3,20 |
| | Полска | 1.058.560 | 2,2 | 1.614.239 | 1,5 | 1,52 |
| | Франција | 1.000.631 | 2,1 | 1.515.418 | 1,4 | 1,51 |
| | Бугарија | 862.448 | 1,8 | 2.533.964 | 2,4 | 2,94 |
| | Шведска | 762.373 | 1,6 | 2.425.672 | 2,3 | 3,18 |
| | Романија | 529.533 | 1,1 | 745.543 | 0,7 | 1,41 |
| | Австрија | 469.940 | 1,0 | 1.811.176 | 1,7 | 3,85 |
| | Унгарија | 280.380 | 0,6 | 486.645 | 0,5 | 1,74 |
| | Белгија | 233.010 | 0,5 | 495.149 | 0,5 | 2,13 |
| | Холандија | 223.435 | 0,5 | 670.987 | 0,6 | 3,00 |
| | Словачка | 81.158 | 0,2 | 185.576 | 0,2 | 2,29 |
| | Данска | 36.252 | 0,1 | 161.580 | 0,2 | 4,46 |
| | Останати | 126.721 | 0,3 | 414.559 | 0,4 | 3,27 |
| ЕУ Вкупно | | 24.653.983 | 50,6 | 49.030.198 | 45,6 | 1,99 |
| Не-ЕУ | Србија | 9.786.338 | 20,1 | 24.366.472 | 22,6 | 2,49 |
| | Косово | 3.610.738 | 7,4 | 5.202.382 | 4,8 | 1,44 |
| | Босна и Херцеговина | 3.122.329 | 6,4 | 6.997.295 | 6,5 | 2,24 |
| | Црна Гора | 1.809.067 | 3,7 | 4.214.773 | 3,9 | 2,33 |
| | САД | 1.337.457 | 2,7 | 4.308.217 | 4,0 | 3,22 |
| | Швајцарија | 1.069.301 | 2,2 | 3.887.788 | 3,6 | 3,64 |
| | Австралија | 1.062.402 | 2,2 | 3.837.583 | 3,6 | 3,61 |
| | Албанија | 803.991 | 1,7 | 1.015.571 | 0,9 | 1,26 |
| | Велика Британија | 672.214 | 1,4 | 2.066.864 | 1,9 | 3,07 |
| | Канада | 365.854 | 0,8 | 1.417.848 | 1,3 | 3,88 |
| | ОАЕ | 161.960 | 0,3 | 551.485 | 0,5 | 3,41 |
| | Нов Зеланд | 68.919 | 0,1 | 153.069 | 0,1 | 2,22 |
| | Турција | 48.787 | 0,1 | 107.663 | 0,1 | 2,21 |
| | Норвешка | 31.870 | 0,1 | 228.269 | 0,2 | 7,16 |
| | Израел | 15.841 | 0,0 | 23.101 | 0,0 | 1,46 |
| | Останати | 60.493 | 0,1 | 213.100 | 0,2 | 3,52 |
| Не-ЕУ Вкупно | | 24.027.561 | 49,4 | 58.591.480 | 54,4 | 2,44 |
| Тотал | | 48.681.544 | 100 | 107.621.678 | 100 | 2,21 |

Во структурата на извозот најголемо учество има конзервираниот зеленчук (тарифна група 2005 – топли преработки) и тоа учество изнесува 37% во количина и 59% во вкупната вредност на извозот, потоа конзервиран зеленчук (2001 – кисел програм) со учество од 35% во вкупните количини и 24% во вкупната вредност на извозот, смрзнатиот зеленчук (0710) со учество од 7% во вкупните количини и 5% во вкупната вредност на извозот, и смрзнатото овошје (0811) со учество од 7% во вкупните количини и 6% во вкупната вредност на извозот.

## 2.2 Увоз на преработки од ЗиО

Увозот на преработки во 2024 година достигнува количина од 39,1 илјади тони односно +6% споредено со 36,8 илјади тони во 2023. Во однос на поделбата на увозот според преработки од овошје и зеленчук, во структурата на увозот доминираат преработките од зеленчук со 88% во вкупната количина на увоз додека преработките од овошје учествуваат со 12% во вкупните увезени количини.

Слика: Увоз на преработки од ЗиО во ‘000 тони




Вкупната вредност на увозот на преработки во 2024 достигнува 67,4 милиони Евра или +11% споредено со 60,8 милиони Евра во 2023. Во структурата на увозот доминираат преработките од зеленчук со 82% во вкупната вредност на увозот додека учеството на преработките од овошје изнесува 18% во вкупната вредност на увозот.

Слика: Увоз на преработки од ЗиО во милиони Евра




Еу земјите учествуваат со 48% во вкупните увезени количини односно со 44% во вкупната вредност на увозот, додека учеството на Не-ЕУ земјите е 52% во вкупната количина и 56% во вкупната вредност на увозот. Во однос на поединечни земји, најголем дел од увозот доаѓа од Србија (со учество од 25% во вкупната количина и 32% во вкупната вредност), Грција (со учество од 14% во вкупната количина и 14% во вкупната вредност), Белгија (со учество од 14% во вкупната количина и 10% во вкупната вредност), Полска (со учество од 6% во вкупната количина и 5% во вкупната вредност), Египет (со учество од 10% во вкупната количина и 4% во вкупната вредност), Киргистан (со учество од 4% во вкупната количина и 2% во вкупната вредност), Холандија (со учество од 5% во вкупната количина и 4% во вкупната вредност), и Турција (со учество од 3% во вкупната количина и 5% во вкупната вредност).

Во структурата на увозот (слично како и при извозот) најголемо учество имаат топлите преработки (2005) и тоа учество изнесува 23% во количина и 38% во вкупната вредност на увозот, потоа конзервиран (кисел) зеленчук (2004)  со учество од 27% во количина и 19% во вкупната вредност на увозот, преработки од домати (2002)  со учество од 7% во количина и 5% во вредност, дехидриран зеленчук (0713) со учество од 16% во вкупните количини и 8% во вкупната вредност на извозот, смрзнатиот зеленчук (0710) со учество од 8% во вкупните количини и 6%, и конзервирано овошје (2008) со учество од 4% во вкупните количини и 9% во вкупната вредност на извозот.

Деталите за земјите од кои е направен увоз во 2043 се дадени во следната табела.

Табела: Увоз на преработки од ЗиО во 2024

| Увоз 2024 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Група | Земја | Количина во Кг. | Во % | Вредност во ЕУР | Во % | Цена Евра/Кг |
| ЕУ | Грција | 5.293.619 | 13,5 | 9.157.143 | 13,6 | 1,73 |
| | Белгија | 5.655.957 | 14,4 | 6.636.863 | 9,8 | 1,17 |
| | Полска | 2.250.552 | 5,7 | 3.161.572 | 4,7 | 1,40 |
| | Холандија | 2.048.835 | 5,2 | 2.567.332 | 3,8 | 1,25 |
| | Германија | 1.131.125 | 2,9 | 1.989.210 | 3,0 | 1,76 |
| | Италија | 1.077.130 | 2,8 | 1.914.556 | 2,8 | 1,78 |
| | Унгарија | 323.602 | 0,8 | 854.979 | 1,3 | 2,64 |
| | Хрватска | 221.578 | 0,6 | 789.232 | 1,2 | 3,56 |
| | Ирска | 162.504 | 0,4 | 666.275 | 1,0 | 4,10 |
| | Бугарија | 252.810 | 0,6 | 524.641 | 0,8 | 2,08 |
| | Романија | 80.228 | 0,2 | 438.884 | 0,7 | 5,47 |
| | Австрија | 69.333 | 0,2 | 376.799 | 0,6 | 5,43 |
| | Шпанија | 95.047 | 0,2 | 230.680 | 0,3 | 2,43 |
| | Португалија | 172.504 | 0,4 | 194.866 | 0,3 | 1,13 |
| | Останати | 102.923 | 0,3 | 388.763 | 0,6 | 3,78 |
| ЕУ Вкупно | | 18.937.747 | 48,4 | 29.891.795 | 44,3 | 1,58 |
| Не-ЕУ | Србија | 9.594.900 | 24,5 | 21.659.996 | 32,1 | 2,26 |
| | Египет | 3.703.059 | 9,5 | 2.799.062 | 4,2 | 0,76 |
| | Киргистан | 1.496.520 | 3,8 | 1.587.588 | 2,4 | 1,06 |
| | Турција | 1.244.298 | 3,2 | 3.725.369 | 5,5 | 2,99 |
| | Иран | 1.013.608 | 2,6 | 1.069.290 | 1,6 | 1,05 |
| | Косово | 629.768 | 1,6 | 1.934.320 | 2,9 | 3,07 |
| | Босна и Херцеговина | 474.592 | 1,2 | 578.174 | 0,9 | 1,22 |
| | Канада | 336.980 | 0,9 | 443.606 | 0,7 | 1,32 |
| | Руска Федерација | 285.406 | 0,7 | 612.492 | 0,9 | 2,15 |
| | Индија | 266.619 | 0,7 | 553.514 | 0,8 | 2,08 |
| | Кина | 266.010 | 0,7 | 509.903 | 0,8 | 1,92 |
| | Молдавија | 231.496 | 0,6 | 423.450 | 0,6 | 1,83 |
| | Останати | 661.675 | 1,7 | 1.617.904 | 2,4 | 2,45 |
| Не-Еу Вкупно | | 20.204.931 | 51,6 | 37.514.668 | 55,7 | 1,86 |
| Тотал | | 39.142.678 | 100 | 67.406.463 | 100 | 1,72 |

Во однос на просечните цени на увезените производи, просечната цена на преработките од зеленчук изнесувала 1,35 Евра/Кг. (1,55 Евра/Кг. во 2023), односно 2,54 Евра/Кг. кај преработките од овошје (2,53 Евра/Кг. во 2023). Вкупната просечна цена на увезените преработки изнесувала 1,72 Евра/Кг., што е 0.06 Евра повеќе од просечниот износ во 2023 (1,66 Евра/Кг.), што значи дека цената на преработките извезени од РСМ е 28% повисока во однос на просечната цена на увозот.

## 2.3 Покриеност на извозот со увоз

Во однос на севкупното трговско работење треба да се напомене дека РСМ има позитивен биланс од трговијата со преработки од ЗиО и во 2024 е остварен позитивен биланс од 9,5 илјади тони односно 40,2 милиони Евра.

Слика: Извоз и Увоз на преработки од ЗиО во ‘000 тони




Слика: Извоз и Увоз на преработки од ЗиО во милиони Евра



Соодносот на извозот наспроти увозот (The export-to-import ratio) е пресметан како вредност на извозот поделен со вредноста на увозот. Вредностите поголеми од 1 укажуваат на позитивен трговски биланс, додека вредностите помали од 1 укажуваат на негативен трговски биланс односно дека увозот е поголем од извозот.  Анализата покажува дека во во 2024 соодносот кај преработките од овошје изнесува 1,01 наспроти 0,93 во 2023 (+9%), додека соодносот кај преработките од зеленчук изнесува 1,72 наспроти 1,63 во 2023 (+6%). Вкупниот сооднос е зголемен од 1,51 во 2023 на 1,60 во 2024 (+6%).

Табела: Покриеност на извозот со увоз

| Година | Категорија | Извоз (мил. Евра) | Увоз (мил. Евра) | Биланс (мил. Евра) | Сооднос извоз/увоз |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | Овошје | 9,8 | 6,2 | 3,6 | 1,58 |
| | Зеленчук | 45,7 | 25,6 | 20,1 | 1,78 |
| | Вкупно | 55,4 | 31,8 | 23,6 | 1,74 |
| 2016 | Овошје | 7,6 | 6,0 | 1,6 | 1,27 |
| | Зеленчук | 45,8 | 26,8 | 19,0 | 1,71 |
| | Вкупно | 53,5 | 32,8 | 20,7 | 1,63 |
| 2017 | Овошје | 9,1 | 6,8 | 2,3 | 1,33 |
| | Зеленчук | 46,6 | 29,8 | 16,8 | 1,56 |
| | Вкупно | 55,7 | 36,7 | 19,0 | 1,52 |
| 2018 | Овошје | 10,2 | 6,7 | 3,5 | 1,52 |
| | Зеленчук | 48,4 | 30,6 | 17,8 | 1,58 |
| | Вкупно | 58,5 | 37,3 | 21,2 | 1,57 |
| 2019 | Овошје | 9,0 | 7,3 | 1,7 | 1,23 |
| | Зеленчук | 50,7 | 31,8 | 18,9 | 1,59 |
| | Вкупно | 59,7 | 39,1 | 20,6 | 1,53 |
| 2020 | Овошје | 9,3 | 7,6 | 1,7 | 1,23 |
| | Зеленчук | 59,1 | 31,4 | 27,8 | 1,89 |
| | Вкупно | 68,5 | 39,0 | 29,5 | 1,76 |
| 2021 | Овошје | 11,1 | 8,7 | 2,4 | 1,28 |
| | Зеленчук | 62,7 | 35,8 | 26,9 | 1,75 |
| | Вкупно | 73,8 | 44,5 | 29,3 | 1,66 |
| 2022 | Овошје | 11,7 | 9,5 | 2,2 | 1,23 |
| | Зеленчук | 72,5 | 42,3 | 30,2 | 1,71 |
| | Вкупно | 84,1 | 51,8 | 32,3 | 1,62 |
| 2023 | Овошје | 9,4 | 10,1 | -0,7 | 0,93 |
| | Зеленчук | 82,4 | 50,7 | 31,7 | 1,63 |
| | Вкупно | 91,8 | 60,8 | 31,0 | 1,51 |
| 2024 | Овошје | 12,1 | 12,0 | 0,1 | 1,01 |
| | Зеленчук | 95,5 | 55,4 | 40,1 | 1,72 |
| | Вкупно | 107,6 | 67,4 | 40,2 | 1,60 |

# 3 Заклучоци

Вкупниот извоз на преработки од ЗиО во 2024 изнесувал 48,7 иљјади тони односно 2.700 тони повеќе или +6% во однос на 2023. Во структурата на извозот во 2024 доминираат преработките од зеленчук кои количински учествуваат со 81,5% наспроти преработките од овошје чие учество изнесува 18,5%.

Вредносно извозот во 2024 изнесувал рекордни 107,6 милиони Евра, што е за 15,8 милиони Евра или + 17% повеќе од 2023. Во структурата на извозот доминираат преработките од зеленчук кои вредносно учествуваат со 89% наспроти преработките од овошје чие учество изнесува 11%.

Севкупната просечна извозна цена за 1 Кг. преработки во 2024 е рекордно висока и изнесува 2,21 Евра/Кг., односно бележи зголемување од 0,22 Евра/Кг. или +11% во споредба со 2023.

Главен извозен пазар за домашните преработки се земјите на ЕУ каде се пласирале 50,6% од вкупните извезени количини и истиот учествува со 45,6% во вкупната вредност на извозот во 2024. Останатите (не-ЕУ) пазари учествувале со 49,4% во вкупната извезена количина и со 54,4% во вкупната вредност на извозот. Поединечно, Србија, Хрватска, Германија, Косово, Босна и Херцеговина, Италија , Австралија, САД, Словенија, Швајцарија, Италија, Велика Британија, Црна Гора и Шведска се најзначајните извозни дестинации за домашните преработки. Во однос на просечните извозни цени по пазари, истите изнесувале 1,99 Евра/Кг. на ЕУ пазарите и 2,44 Евра/Кг. кај земјите кои не членки на ЕУ.

Увозот на преработки во 2024 година достигнува количина од 39,1 илјади тони односно +6% споредено со 36,8 илјади тони во 2023. Вкупната вредност на увозот на преработки во 2024 достигнува 67,4 милиони Евра или +11% споредено со 60,8 милиони Евра во 2023.

Во однос на поединечни земји, најголем дел од увозот доаѓа од Србија, Грција, Белгија Полска, Египет, Холандија, Киргистан и Турција.

Во однос на севкупното трговско работење треба да се напомене дека РСМ има позитивен биланс од трговијата со преработки од ЗиО и во 2024 е остварен позитивен биланс од 9,5 илјади тони односно 40,2 милиони Евра.

Содносот на извозот наспроти увозот кај преработките од овошје изнесува 1,01 наспроти 0,93 во 2023 (+9%), додека соодносот кај преработките од зеленчук изнесува 1,72 наспроти 1,63 во 2023 (+6%). Вкупниот сооднос е зголемен од 1,51 во 2023 на 1,60 во 2024 (+6%).